**Здружение на просветни работници и заштита на правата на жените и децата ЛИЛ**

## Детски додаток или работа

Лицето А.Ш. е татко на две малолетни деца кои се запишани во основно училиште. Се работи за петчлено семејство под социјален ризик, кое живее во двособна куќа. Мајката на децата е со сериозно нарушена здравствена состојба и не е во можност да работи, а таткото работи во приватна фирма каде што платата му е 10000 ден. месечно.

Пред една година А.Ш. се обратил во Центарот за социјални работи и поднел барање за детски додаток. По неколку месеци истиот бил одбиен со образложение дека прима плата од 10000 денари, т.е. 200 ден. повеќе од сумата на приход до која следува детски додаток.

Кога побарал дополнителни информации за тоа зошто е одбиен и дали може да оствари некое друго право на детски додаток, му било речено дека нема право на истото и дека кога би остварувал помал приход од 10000 ден. би можел да прима детски додаток за децата.

Таткото останал зачуден и се прашува дали 10000 денари се доволни за егзистенција на едно петчлено семејство и дали треба да се откаже од работата за да прима детски додаток?

*улица Никола Островски бр.2*
*1000Скопје*
*тел/факс: +389 26134 076*
*e-mail:infongolil@yahoo.com*